Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Број 64, 13 јули 2011 година

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

јули 2011 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле фармација, специјалист од областа испитување и контрола на лекови на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за наставно-научното поле фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област информатика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле економски науки и менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Современи инженерски материјали“ од авторите д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**ПРИГОВОР** од кандидатот Јован Шоповски ........ 29

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатот Јован Шоповски ........ 30

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНО ПОЛЕ ФАРМАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип донесе Одлука бр. 2502-31/33 од 16 февруари 2011 год. за распишување на Конкурс за избор на ***помлад асистент*** за наставно-научното поле ***фармација***. Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-53/7 од 15 април 2011 год. и Решение бр. 2502-53/20 за претседател, бр. 2502-53/21 за член и бр. 2502-53/22 за член, за формирање на Рецензентска комисија за избор на *помлад асистент* на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

1. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, вонреден професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
2. д-р Бистра Ангеловска, доцент на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
3. д-р Билјана Ѓоргеска, вонреден професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“ на 4 април 2011 год. и во предвидениот рок се пријавија пет кандидати: м-р Викторија Максимова, м-р Борјанка Веселинова, м-р Љубица Петровска, м-р Елена Дракалска и м-р Милена Николова.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

1. **Викторија Максимова**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Викторија Максимова** е родена на 31 октомври 1985 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип. На Фармацевтскиот факултет во Скопје дипломира во 2009 година, со среден успех 8.93, со дипломска работа на тема „*Дијабетичка нефропатија, лекови кои се користат за превенција и лекување*“.

По дипломирањето стажира во Аптека „Здравје 2” – Штип. Во 2009 година се вработува во Аптека „Ирис“ – Штип, во период јули – октомври.

Од октомври 2010 година до денес е вклучена во работата на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, како демонстратор/волонтер во подготовката и реализацијата на практичната настава.

***Стручна и научна дејност***

М-р Викторија Максимова како демонстратор/волонтер активно е вклучена во изведувањето на практичната настава за предметите Клиничка биохемија 1, Клиничка биохемија 2, Биологија за фармацевти, Фармацевтска ботаника, Фармакогнозија, Хемија, Биохемија и Аналтичка хемија на Факултетот за медицински науки.

Посебен интерес покажува спрема групата предмети сврзани со растителната фармација, како Фармацевтска ботаника, Фармакогнозија и Фитотерапија.

Учествува во преводот на две книги/учебници од Проектот за превод на стручна литература од Владата на Р. Македонија:

– Tewari, G., Juneja, K. V., „Advances in thermal and non-thermal food preservation“ - „Предности во термалната и нетермалната обработка на храна“ и
– Winger, G., Woods H, J., Hofmann, G. F., „Handbook of drug and alchohol abuse“- „Прирачник за злоупотреба на дрога и алкохол“.

Како и во превод на стручна литература од англиски на македонски јазик од областа на: клиничка биохемија, општа биохемија и токсикологија за наставни цели.

***Учествува на семинари и работилници:***

- „Позитронска емисиона томографија“, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2010, д-р Дмитриј Соловјев;
- Прва конференција „Природни антиоксиданси и здравје“, 25 јуни 2010 год., Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје;
- „Напреден курс за користење на ИКТ во наставниот и истражувачкиот процес“, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, август 2010 год.

Waters Consumables Seminar 2009 (Biotek), Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Фармацевтски факултет, Скопје, ноември 2009 год.

***Членува во професионални асоцијации:***

- Фармацевтска комора на Р.Македонија;
- EPSA (European Pharmaceutical Student Association).

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик (напреден курс), како и со српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик.

Компјутерски вештини - се служи со: Microsoft Office 2003, 2007, Excel, Internet.

2. **М-р Борјанка Веселинова**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Борјанка Веселинова** е родена на 11 февруари 1986 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип. На Фармацевтскиот факултет во Скопје дипломира во 2009 година, со среден успех 7,19.

Активно се служи со англискиот јазик. Компјутерски вештини - се служи со: Microsoft Office 2003, 2007, Excel, Internet.

3. **М-р Љубица Петровска**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Љубица Петровска** е родена на 2 август 1985 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип. На Фармацевтскиот факултет во Скопје дипломира во 2009 година, со среден успех 9,23.

По дипломирањето во период јануари – март 2010 година се вработува во Биохемиската лабораторија при ПЗУ „Прим. д-р Самарџиски“ - Штип, а од 1 април 2010 година работи во Аптека „Медифарм“ - Штип.

***Учествува на семинари и работилници:***

- Седмо советување на фармацевтите на Македонија, 2010 година;
- Стручно усовршување на тема „Нови аспекти во терапија и превенција на орофарингеални заболувања“ – 2010 година;
- Стручен состанок „Малазеција – поврзани заболувања“ – 2010 година;
- Семинар на тема „Анксиозни и депресивни растројства - од другата страна на депресијата – модерни приоди“ – 2010 година;
- Континуирана фармацевтска едукација „Дисбаланс на вагинална хомеостаза – нови пробиотици“ – 2010 година;
- Стручно усовршување на тема „Фезам во терапија на цереброваскуларна инсуфициенција“ – 2010 година.

***Објавени трудови***

1. Петровска Љубица: „Пациент консумент на здравствени услуги“, Штип, 2010 година.
2. Петровска Љубица: „Типови на алергии и соодветен третман“, Штип, 2010 година.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик. Компјутерски вештини - се служи со: Microsoft Office 2003, 2007, Excel, Internet.

4. **М-р Елена Дракалска**
   ***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Елена Дракалска** е родена на 26 октомври 1986 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип. На Фармацевтскиот факултет во Скопје дипломира во 2010 година, со среден успех 8.33, со дипломска работа на тема „*Биохемиски маркери на коскениот метаболизам во дизајн на лекови против остеопороза и метастатска болест на коските*“.

По дипломирањето во 2010 година се вработува во Аптека „Хигија“ – Штип.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

5. **М-р Милена Николова**
   ***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Милена Николова** е родена на 3 јуни 1983 година. Основно и средно образование завршува во Штип. На Фармацевтскиот факултет во Скопје дипломира во 2010 година, со среден успех 6,72.

Од 2010 година е вработена во ДОО „УНИКА“ – Штип, како стручен соработник.

Учествува на семинари и работилници:

- Етноботанички и фармакогностички испитувања во проекти при Фармацевтскиот факултет во Скопје.

***Членува во следниве професионални асоцијации:***

- Студентски фармацевтски сојуз;
- Научноистражувачко здружение при Фармацевтскиот факултет во Скопје;
- Учество во лабораториско испитување на Theucrium polium 2006; 2007.

Кандидатката активно се служи со англискиот, српскиот и хрватскиот јазик. Компјутерски вештини - се служи со: Microsoft Word, Excel, Power Point, Internet.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од извештајот којшто ги содржи податоците и активностите на пријавените кандидати и врз основа на прикажаната анализа и оценка на нивната целокупна досегашна активност, констатиравме дека м-р Викторија Максимова ги исполнува сите улови за избор во звањето *помлад асистент* за научно поле *фармација* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки **м-р Викторија Максимова да се избере во звање *помлад асистент* за наставно-научното поле *фармација*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Бистра Ангеловска, член, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Ѓоргеска, член, с.р.**